„Чудна е состојбата на верникот; тој секогаш е во добро и само верникот може да биде во таква состојба

Сухејб, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Чудна е состојбата на верникот; тој секогаш е во добро и само верникот може да биде во таква состојба. Ако го снајде некаква радост, тој е благодарен и тоа е добро за него, а ако го снајде некаква тешкотија, тој е трпелив и тоа повторно е добро за него.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се чуди на состојбата на верникот и на она што го снаоѓа, со позитивно чудење, бидејќи сите негови состојби му носат добро, а тоа е својствено само за верникот. Кога ќе го снајде радост, тој му се заблагодарува на Аллах, и за тоа добива награда. Кога ќе се соочи тешкотија, тој е трпелив и ја очекува наградата од Аллах, па е награден за своето трпение. Така, во секоја состојба верникот е награден.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3298